08 - 397/1
21.04 10

Република Македонија
Општина Могила
бр. 08 - 455/1
27.04 2010 год
Могила

**ДОГОВОР**
***За меѓуопштинска соработка***

Склучен помеѓу:
1.***Општина Македонски Брод*** со седиште на ул.7-ми септемвриг бр.4 Македонски Брод, Застапувана од Градоначалникот на општина Македонски Брод Милосим Војнески од една страна

2.***Општина Могила*** , застапувана од Градоначалникот на општина Могила Славко Велески од друга страна

***Член 1***

Предмет на овој договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу двете договорни општини, согласно член 14 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.5/2002) и Одлуките бр.07-1087/12 од 15.10.2009 за формирање на заеднички административни тела донесена од Советот на општина Македонски Брод и Одлуката бр.07-929/7 од 21.10.2009 за формирање на заеднички административни тела донесена од страна на Советот на општина Могила и во согласност со законот за меѓуопштинска соработка (Сл.Весник на РМ бр.79/09) за успешно извршување на работите и работните задачи што се во надлежност на внатрешниот ревизор.

***Член 2***

Двете договорни страни се договорија работите и работните задачи што ги извршува внатрешниот ревизор во Општина Македонски Брод во областа на внатрешната ревизија да ги извршува и во име и за сметка на општина Могила.

***Член 3***

Со овој договор ревизорот вработен во општинската администрација Македонски Брод за извршување на внатрешната ревизија во општина Могила ќе ги користи објектите и опремата на двете договорни општини.

***Член 4***

За извршување на работите што се предмет на овој Договор ,општина Могила ќе исплаќа по 5.000,оо денари месечно на жиро сметка на Буџетот на општина Македонски Брод.

***Член 5***

Внатрешниот ревизор за својата работа во општина Могила непосредно му одговара на Градоначалникот на општина Могила и истите својата работа ќе ја извршуваат по повик од градоначалникот на општина Могила и по обезбеден превоз од негова страна.

***Член 6***

Измени и дополнувања на одредбите на овој договор ќе се вршат со анекс на овој договор.

***Член 7***

Овој договор влегува во сила со денот на потпишувањето од страна на двете договорни страни .

***Член 8***

Овој Договор може да се раскине заради непочитување на одредбите од страна на двете договорни страни .
Овој договор може да се раскине и по барање на една од договорните страни, но по претходно известување на договорната страна која тоа го бара и тоа најмалку во рок од 30 дена пред раскинувањето на договорот.

***Член 9***

Во случај на спор двете договорни страни спогодбено ќе го решава, во спротивно надлежен е Основниот суд во Кичево.

***Член 10***

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кој по 2 (два) за секој од договорните страни.

| | |
|---|---|
| ***ОПШТИНА МАК.БРОД*** | ***ОПШТИНА МОГИЛА*** |
| ***ГРАДОНАЧАЛНИК,*** | ***ГРАДОНАЧАЛНИК,*** |
| ***Милосим Војнески*** | ***Славко Велевски*** |